РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-250/1
21.4.2026 год.
ОХРИД

Универзитет за информатички науки и технологии

„Св. Апостол Павле“ – Охрид, Република Македонија

ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

за академските години 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025

Охрид, април 2026 г.

Ректор

Проф. д-р Иван Бимбиловски, с.р.

СОДРЖИНА

1 ВОВЕД 3

2 ОСНОВАЊЕ И РАЗВОЈ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ 4

3 МИСИЈА И ЦЕЛИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ 5

4 СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ 6

4.1 Прв циклус студии 8

4.1.1 Студиска програма по КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО на Факултетот за компјутерски науки и инженерство 8

4.1.2 Студиска програма КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност 9

4.1.3 Студиска програма по МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика 10

4.1.4 Студиска програма по ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (Е-ВЛАДА, Е-БИЗНИС, Е-КУЛТУРА) на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика 11

4.1.5 Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника 11

4.1.6 Студиска програма по ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ на Факултетот за информатички и комуникациски науки 12

4.1.7 Студиска програма по ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА на Факултетот за информатички и комуникациски науки 12

4.2 Втор циклус студии 12

4.2.1 Студиска програма ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (едногодишни и двегодишни студии) на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност 13

4.2.2 Студиска програма ИНФОРМАТИЧКА И МРЕЖНА БЕЗБЕДНОСТ, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика 14

4.2.3 Студиска програма КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА на Факултетот за компјутерски науки и инженерство 14

4.2.4 Студиска програма ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА на Факултетот за информатички и комуникациски науки 14

4.3 Трет циклус студии 15

4.3.1 Студиска програма КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА на Факултетот за компјутерски науки и инженерство 15

5 НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР и НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ 16

5.1 Наставно-научен и соработнички кадар 16

5.2 Наставно-образовна дејност 16

6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО 17

7 ЕВАЛУАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ, НАСТАВНО-НАУЧНИОТ И АСИСТЕНТСКИОТ КАДАР, КАКО РЕЗУЛТАТ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ АНКЕТИ 17

7.1 Евалуација на административниот кадар и административните услуги 18

7.2 Евалуација на квалитетот и реализацијата на студиската програма 18

7.3 Ресурси и бенефити од наставните предмети 18

7.4 Евалуација на наставно-научниот и асистентскиот кадар 19

8 ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ 21

9 ЛОГИСТИКА 21

9.1 Организација на студентските служби 21

9.2 Услуги на библиотеката 22

10 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА 22

10.1 Соработка на национално и меѓународно ниво 22

10.2 Учество во Европски програми 23

10.3 Мобилност на студентите и академскиот кадар 25

11 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ 28

11.1 Објавени трудови 28

11.2 Пријавени и реализирани научноистражувачки проекти, учество на семинари, конференции и научни собири 29

11.3 Организирани научни собири и гостување на странски предавачи 30

12 ФИНАНСИРАЊЕ 30

13 НАШИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ 31

1 ВОВЕД

Извештајот за самоевалуација на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид, за академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години, се изработува поради законската обврска за самоевалуација на високообразовните установи во Република Македонија и Статутот на Универзитетот за проценка на квалитетот на академскиот кадар, студиските програми и постигнувањата во научно-истражувачката дејност на Универзитетот. Извештајот е изработен од страна на Комисија за самоевалуација, формирана од страна на Сенатот на Универзитетот, согласно одлуките бр. 02-150/7 од 27.02.2023 година, бр. 02-33/7 од 04.01.2024 година, бр. 02-503/6 од 07.07.2025 година и претставува официјален документ за севкупното работење на Универзитетот за академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години. Согласно со основната цел на процесот на самоевалуација, извештајот дава слика за квалитетот на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес на прв, втор и трет циклус студии.

За изработка на извештајот користени се сите расположливи податоци и документи: елаборатите за акредитација на студиските програми од единиците на Универзитетот, податоците добиени од академскиот кадар, стручната и административната служба на Универзитетот, како и резултатите од студентското анкетирање. Добиените резултати претставуваат основа за преземање на соодветни мерки насочени кон јакнење на местото, улогата и значењето на Универзитетот во високообразовниот и научно-истражувачкиот развој на национално ниво и пошироко. На тој начин, процесот за самоевалуација треба да се смета како процес неопходен за подобрување на конкурентноста и квалитетот на Универзитетот како институција во целина, заедно со академскиот кадар и студентите.

Согласно насоките кои се предвидени во Упатството за самоевалуација на УИНТ арх. бр. 01-262/1 од 24.04.2023, извештајот претставува анализа на Универзитетот во повеќе сегменти. На почетокот извештајот ги претставува основните податоци на Универзитетот заедно со неговата мисија и стратешките цели. Следниот дел се однесува на наставно-образовната улога на универзитетот од аспект на студиските програми и академскиот кадар вклучен во реализација на наставно-образовниот процес. Посебно во овој дел се издвојува анализата на наставно-образовната дејност на Универзитетот, изработена врз основа на спроведената анкета на студентите во која тие го оценуваат квалитетот на наставата на наставно-научниот и асистентскиот кадар. Врз основа на резултатите од направената анкета се изведени заклучоци кои треба да претставуваат појдовни насоки за унапредување на наставно-образовната дејност на Универзитетот. Целокупно извештајот дава приказ на позитивните елементи и на тешкотиите што се појавиле во текот на самоевалуациониот процес.

Имајќи ја предвид меѓународната отвореност на универзитетот која претставува неопходен фактор за конкурентски развој и постојано унапредување на образовната и научно-истражувачка дејност на универзитетот, извештајот дава преглед и на богатата и разновидна надворешна соработка на Универзитетот.

2 ОСНОВАЊЕ И РАЗВОЈ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид (во понатамошниот текст: УИНТ/Универзитетот) е државен универзитет основан од Собранието на Република Македонија во 2008 година. УИНТ е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија во јули 2009. Првиот Статут на УИНТ е одобрен од Собранието на Република Македонија во август 2010 година. По донесувањето на новиот Закон за високото образование во 2018 година, Универзитетот, согласно законската обврска, пристапи кон подготовка и усвојување на нов Статут, со цел усогласување на работата на Универзитетот со новите законски решенија. Новиот Статут на УИНТ беше усвоен на седница на Сенатот арх. бр.01-156/1 од 8.2.20219 година, а Собранието на РМ донесе Одлука за давање согласност на Статутот на седница одржана на ден 16.05.2019 година („Службен весник“ бр. 96 од 17.05.2019 година). Овој статут и денес е во употреба.

Во состав на универзитетот функционираат пет факултети: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика, Факултетот за информатички и комуникациски науки. Со универзитетот раководат ректор, проректор и генерален секретар на универзитетот. Највисоки органи на универзитетот се ректорската управа и универзитетскиот сенат, а како надзорно тело се јавува универзитетскиот совет. Со петте факултети раководат деканите, кои заради големината на факултетите повеќе функционираат како интегрирана целина во рамките на ректорската управа.

На УИНТ се образуваат кадри од областа на информатичките и комуникациските науки во рамките на девет студиски програми на прв циклус студии, пет студиски програми на втор циклус студии, и една студиска програма во трет циклус. Студиски програми ќе бидат објаснети во четвртата глава, студиски и предметни програми.

УИНТ е посебен македонски универзитет по својот меѓународен карактер, односно официјален јазик е англиски, а предавачи и студенти имало од разни земји од светот. На почетокот по основањето, бројот на странски предавачи и студенти е многу поголем, но после ковид-пандемијата, тој број е значително намален. Но, меѓународниот карактер на универзитетот се одржува преку мноштвото потпишани билатерални договори, меморандумите за соработка, меѓународните проекти во кои учествува универзитот, како и можностите за мобилност и соработка преку COST, Erasmus и CEEPUS програмите (повеќе податоци има во делот за надворешна соработка).

Во академската 2022/23 година, формирани се одбори за соработка и доверба со јавноста, на сите 5 (пет) факултети во состав на Универзитетот. Сите одбори доставија позитивни мислења на елаборатите за реакредитација на постоечките и акредитација на новите студиски програми.

Центарот за кариера и алумни клубот, во согласност со Правилник за уредување на работата на Центарот за кариера и алумни клуб на УИНТ, активно работат на согледување на потребите на пазарот на труд и информирање на студентите преку интерактивни настани, предавања и работилници. Исто

така, ги информира работодавачите за расположливиот стручен кадар образован на Универзитетот. Раководител на Центарот за кариера и алумни клуб е Јасмина Андоновска.

Центарот за дигитални уметности е активно вклучен во промоција на Универзитетот преку проекти за унапредување на визуелниот идентитет на УИНТ, како и дизајн и изработка на промотивни материјали – брошури, флаери, постери, презентации, промотивни видеа итн. Раководител на центарот за дигитални уметности е Вон. Проф. д-р Јане Бакрески.

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за работа и надоместок за овластено лице за прием на пријави на корупција, на Универзитетот е избрано лице за прием на пријави на корупција од редот на редовните професори, Проф. д-р Елена Хаџиева. Изборот е направен со одлука од 29.07.2021 година, со мандат од три години, и право на уште еден избор. Лицето одржува информативни средби во насока на сузбивање на корупцијата најмалку еднаш годишно. Дополнително, во насока на транспарентно работење, на веб-страната на универзитетот објавени се актите Политика за спречување на корупција и Акцискиот план за спречување на корупција, како и правилници, избори во звања, одлуки за избор на ректор, проректор, декани и други интерни акти.

3 МИСИЈА И ЦЕЛИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Мисијата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид е да создава и споделува знаење преку квалитетно образование, научно-истражувачка работа и иновации во областа на информатичките науки и новите технологии. Универзитетот е посветен на подготовка на компетентни, креативни и претприемчиви професионалци кои ќе придонесуваат за развојот на дигиталното општество, економијата базирана на знаење и технолошките иновации.

Визијата на Универзитетот е да се позиционира како современа, меѓународно препознатлива академска и научно-истражувачка институција, која активно придонесува кон развојот на информатичките науки, технолошките иновации и дигиталната трансформација на општеството.

Во таа насока, Универзитетот се стреми кон:

- развој и имплементација на современи и интердисциплинарни студиски програми во областа на информатичките науки и технологии;
- поттикнување на научно-истражувачка работа и иновации со високо академско и општествено влијание;
- зајакнување на соработката со индустријата, јавниот сектор и меѓународните академски институции;
- подготовка на високообразовани инженери, истражувачи и лидери способни да одговорат на глобалните технолошки предизвици;
- создавање солидна академска основа за студентите кои продолжуваат кон втор и трет циклус студии на престижни домашни и меѓународни универзитети.

4 СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

Академските студии ги оспособуваат студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, во деловниот свет, во јавниот сектор и општеството во целост, преку оспособување за развој и примена на научните и стручните достигања. Студиските програми на УИНТ се дизајнирани да ги задоволат потребите за креирање на новата генерација на ИКТ професионалци, обезбедувајќи можности на студентите да ги реализираат своите интереси за професионално и кариерно усовршување. Наставникот соодветната литература на студентите им ја дава на почетокот од секој семестар, и ја наведува во предметната план програма.

Според податоците од службата за студентски прашања и ЕКТС на Универзитетот,во делот за студиски и предметни програми се забележува дека воведувањето на обновени и реакредитирани студиски програми од академската 2023/2024 година придонело за зголемен интерес за студирање на УИНТ, со што бројот на студенти бележи пораст.

Табела 1 (Вкупен број на студенти): Податоците покажуваат зголемување на вкупниот број запишани студенти на сите три циклуси од 285 во 2022/23 година на 331 студент во 2023/24 година, кога започнала реализацијата на новиот акредитациски циклус. Иако во 2024/25 има мал пад на 326, вкупната бројка останува многу повисока од почетната година.

Табела 2 (Прв циклус на студии): Бројот на студенти на прв циклус значително се зголемил од 267 во 2022/23 на 310 студенти во 2023/24 година. Овој пораст е директен резултат на реакредитацијата на програмите (како CSE, CNS, MIR, ISVMA) и деноминацијата на програмата во „Дигитална бизнис аналитика“, што ги направи студиите попривлечни за новите студенти.

Табела 3 (Втор циклус на студии): Кај вториот циклус се забележува најдинамичен пораст, каде бројот на студенти од 8 во 2022/23 се искачил на 21 во 2023/24 и на 24 во 2024/25 година. Овој тренд се должи на активирањето на пет нови и реакредитирани програми, вклучувајќи ги „Компјутерска техника и информатика“ и „Дигитална бизнис аналитика“.

Табела 4 (Трет циклус на студии): Третиот циклус на студии е воведен со акредитација во 2023 година, а неговата реализација започна во 2024/25 година со запишани 3 студенти на Факултетот за компјутерски науки и инженерство. Ова претставува нов сегмент кој дополнително го зголемува вкупниот број на студенти на Универзитетот.

Табела 5 (Дипломирани студенти на прв циклус): Бројот на дипломирани студенти во календарската 2023 година пораснал на 58, што е зголемување во однос на 44-те во 2022 година. Овој успех во завршувањето на студиите, комбиниран со високиот упис во 2023/24, потврдува дека новите програми ги задоволуваат очекувањата на студентите.

Табела 6 (Магистрирани студенти на втор циклус): Додека во 2022 година немало магистрирани студенти, во 2023 година тој број се искачил на 7, а во 2024 на 5 студенти. Овој позитивен исчекор ја одразува успешноста на реакредитираните магистерски програми кои почнаа да создаваат висококвалификуван кадар веднаш по новиот циклус на акредитација.

Во календарските 2022, 2023 и 2024 година нема студенти кои докторирале.

Табела 1: Вкупен број на студенти на Универзитетот

Број на запишани студенти на сите циклуси	**2022/23**	**2023/24**	**2024/25**
Факултет за компјутерски науки и инженерство	140	152	166
Факултет за комуникациски мрежи и безбедност	32	89	36
Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика	34	34	42
Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника	47	30	45
Факултетот за информатички и комуникациски науки	22	26	37
ВКУПНО	**285**	**331**	**326**

Табела 2: Вкупен број на студенти запишани на прв циклус на студии на Универзитетот

Број на запишани студенти на прв циклус студии	**2022/23**	**2023/24**	**2024/25**
Факултет за компјутерски науки и инженерство	140	152	163
Факултет за комуникациски мрежи и безбедност	24	81	29
Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика	34	31	37
Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника	47	30	45
Факултетот за информатички и комуникациски науки	22	16	25
ВКУПНО	**267**	**310**	**299**

Табела 3: Вкупен број на студенти запишани на втор циклус на студии на Универзитетот

	2022/23	**2023/24**	**2024/25**
Број на запишани студенти на втор циклус студии	8	21	24

Табела 4: Вкупен број на студенти запишани на трет циклус на студии на Универзитетот

	2022/23	**2023/24**	**2024/25**
Број на запишани студенти на трет циклус студии	0	0	3

Табела 5: Број на дипломирани студенти на прв циклус на студии

	2022	2023	2024
Број на дипломирани студенти на прв циклус студии	44	58	36

Табела 6: Број на магистрирани студенти

	2022	2023	2024
Број на магистрирани студенти од втор циклус студии	0	7	5

4.1 Прв циклус студии

Во рамки на првиот циклус студии на факултетите на УИНТ „Св. Апостол Павле“ - Охрид, во академските 2022/2023 и 2023/2024 години на Универзитетот се активни 10 студиски програми, додека пак од академската 2024/2025 година се активни 8 студиски програми. Сите програми поседуваат јасни и прецизни цели, со фокус на студентот, кои обезбедувааат знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на студиската програма. Активните студиски програми на прв циклус студии на факултетите на УИНТ „Св. Апостол Павле“ - Охрид, за академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години, се претставени во табелата 7.

4.1.1 Студиска програма по КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО на Факултетот за компјутерски науки и инженерство

Факултетот за компјутерски науки и инженерство, во рамките на своите тригодишни и четиригодишни студиски програми за компјутерски науки и инженерство, врши едукација за сите аспекти на програмирање, концептите на програмирање, дизајнирање на алгоритми, користење на различни структури на податоци, како и креирање и управување со бази на податоци, софтверско инженерство, интернет програмирање, паралелно програмирање, комуникациски системи, обработка на податоци во облак, вештачка интелигенција и машинско учење. Во основа, овој факултет го дава потребното знаење кое треба да го има еден професионален инженер, експерт од областа на компјутерските науки и технологии.

Студиската програма е реализирана во два акредитациски периоди. Студентите запишани во академската 2022/2023 година студираат според акредитираната студиска програма од 2018/2019 година, додека студентите запишани во академските 2023/2024 и 2024/2025 години студираат според новата акредитирана студиска програма од 2023/2024 година.

Според акредитираната програма од 2018/2019 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии од подрачјето компјутерски науки и инженерство и го добива звањето Дипломиран универзитетски инженер по информатички науки и технологии од подрачјето компјутерски науки и инженерство. По завршување на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот се стекнува со истата диплома и го добива звањето Инженер по информатички науки и технологии од подрачјето компјутерски науки и инженерство.

Според новата акредитирана програма од 2023/2024 година, по завршување и на четиригодишните (240 ЕКТС, ниво VIA) и на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот го добива звањето Дипломиран инженер по компјутерски науки и инженерство.

Табела 7: Студиски програми на прв циклус студии на УИНТ.

Прв циклус студии на единиците на УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид	Времетраење на студиите	Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО		
КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО (реакредитирана во 2023/2024 година)	три години (6 семестри)	180 ЕКТС
КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО (реакредитирана во 2023/2024 година)	четири години (8 семестри)	240 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ		
КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ (реакредитирана во 2023/2024 година)	три години (6 семестри)	180 ЕКТС
КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ (реакредитирана во 2023/2024 година)	четири години (8 семестри)	240 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА		
МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА (активна до 2023/2024 година)	три години (6 семестри)	180 ЕКТС
МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА (реакредитирана во 2023/2024 година)	четири години (8 семестри)	240 ЕКТС
ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (Е-ВЛАДА, Е-БИЗНИС, Е-КУЛТУРА) (активна до 2023/2024 година)	три години (6 семестри)	180 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА, МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА		
ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА (реакредитирана во 2023/2024 година)	три години (6 семестри)	180 ЕКТС
ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА (реакредитирана во 2023/2024 година)	четири години (8 семестри)	240 ЕКТС
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ		
ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ (активна до 2022/2023 година) ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА (активна од 2023/2024 година)	четири години (8 семестри)	240 ЕКТС

4.1.2 Студиска програма КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност

Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, во рамките на своите тригодишни и четиригодишни студиски програми за комуникациски мрежи и безбедност, реализира академска универзитетска студиска програма. Општата цел на студиските програми е да се даде можност на

студентите да развиваат квалитетен и критички начин на мислење и учење, да се стекнат со длабоки познавања во сферата на информатичките науки и технологии, а посебно во областа на комуникациските мрежи и безбедност, но и да развиваат општи технички и интерперсонални способности.

Студиската програма е реализирана во два акредитациски периоди. Студентите запишани во академската 2022/2023 година студираат според акредитираната студиска програма од 2018/2019 година, додека студентите запишани во академските 2023/2024 и 2024/2025 години студираат според новата акредитирана студиска програма од 2023/2024 година.

Според акредитираната програма од 2018/2019 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии од подрачјето Комуникациски мрежи и безбедност и го добива звањето Дипломиран универзитетски инженер по информатички науки и технологии од подрачјето комуникациски мрежи и безбедност. По завршување на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот се стекнува со истата диплома и го добива звањето Инженер по информатички науки и технологии од подрачјето комуникациски мрежи и безбедност.

Според новата акредитирана програма од 2023/2024 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA) и по завршување на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии и го добива звањето Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, насока Комуникациски мрежи и безбедност.

4.1.3 Студиска програма по МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика

Во основата на оваа студиска програма е вештачката интелигенција и начинот на кој работат интелигентните машини. За таа цел предмет на изучување се компонентите на роботите, а главен фокус е ставен на теоретските и математичките основи кои ги создаваат темелите на автоматизираното резонирање. Теоријата на веројатност, линеарните системи, стохастичките процеси, когнитивните науки и теоријата на донесување одлуки се само дел од предметите на оваа студиска програма.

Студиската програма е реализирана во два акредитациски периоди. Студентите запишани во академските 2022/2023 и 2023/2024 години студираат според акредитираната студиска програма од 2018/2019 година, додека студентите запишани во академската 2024/2025 година студираат според новата акредитирана студиска програма од 2023/2024 година. Во академската 2024/2025 година се реализираат само четиригодишни студии.

Според акредитираната програма од 2018/2019 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии од подрачјето Машинска интелигенција и роботика и го добива звањето Дипломиран универзитетски инженер по информатички науки и технологии од подрачјето Машинска интелигенција и роботика. По завршување на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот се стекнува со истата диплома и го добива звањето Инженер по информатички науки и технологии од подрачјето Машинска интелигенција и роботика.

Според новата акредитирана програма од 2023/2024 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот го добива звањето Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, насока Машинска интелигенција и роботика.

4.1.4 Студиска програма по ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ (Е-ВЛАДА, Е-БИЗНИС, Е-КУЛТУРА) на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика

Студиската програма за Применети информатичко-комуникациски технологии (е-Влада, е-Бизнис, е-Култура) опфаќа поширока област во компјутерските науки која доаѓа во допир со општествените науки и вклучува предмети како: е-бизнис, е-демократија, е-менаџмент, е-етика, социјални мрежи, е-медиуми, е-дипломатија, е-банкарство, е-маркетинг, е-новинарство и сл. Програмата претставува нов и креативен пристап на формалниот едукативен систем, во обид да обезбеди позитивна промена преку употреба на информатичките и комуникациски технологии во контекст на креирање на т.н. „е-Општество".

Студиската програма е тригодишна (180 ЕКТС) и е реализирана во академските 2022/2023 и 2023/2024 години, согласно акредитираната програма од 2019 година. Во академската 2024/2025 година оваа студиска програма не е во понудата на факултетот. По завршување на студиите, студентот се стекнува со Универзитетска диплома по применети информатичко-комуникациски технологии (Е-Влада, Е-Бизнис, Е-Култура) и го добива звањето Дипломиран инженер по применети информатичко-комуникациски технологии (Е-Влада, Е-Бизнис, Е-Култура).

4.1.5 Студиска програма по ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника

Иновациите што се случуваат постојано во областа на информатичките системи, визуелизацијата, дигиталната мултимедија и анимациска техника, наметнуваат потреба од постојано учење и развивање на способностите на луѓето кои работат во тие области. Дизајн на кориснички интерфејси, 3Д моделирање и анимација, визуелизација, мултимедиски информациски системи, компјутерска графика, виртуелна и проширена реалност, се само дел од задолжителните предмети кои се изучуваат на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.

Студиската програма е реализирана во два акредитациски периоди. Студентите запишани во академската 2022/2023 година студираат според акредитираната студиска програма од 2018/2019 година, додека студентите запишани во академските 2023/2024 и 2024/2025 години студираат според новата акредитирана студиска програма од 2023/2024 година.

Според акредитираната програма од 2018/2019 година, по завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии од подрачјето Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника и го добива звањето Дипломиран инженер по информатички науки и технологии од подрачјето Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника. По завршување на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот се стекнува со истата диплома и го добива звањето Инженер по информатички науки и технологии од подрачјето Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.

Според новата акредитирана програма од 2023/2024 година, по завршување и на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA) и на тригодишните студии (180 ЕКТС, ниво VIБ), студентот го добива звањето Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, насока Визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.

4.1.6 Студиска програма по ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ на Факултетот за информатички и комуникациски науки

Студиската програма Информациски и комуникациски системи за бизнис и менаџмент ги обединува информатиката, комуникациите, економијата, менаџментот и деловното работење. Вклучени се предмети како применета математика во областа на економијата, основи на економија, управување со човечки ресурси, претприемништво, информатички технологии, деловни информациски системи, компјутерско и математички потпомогнато донесување на одлуки итн.

По завршување на студиската програма од 4 години, студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии од подрачјето на информациски и комуникациски системи за бизнис и менаџмент и добива звање Дипломиран универзитетски инженер по информатички науки и технологии од подрачјето на информациски и комуникациски системи за бизнис и менаџмент.

4.1.7 Студиска програма по ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА на Факултетот за информатички и комуникациски науки

Студиската програма Дигитална бизнис аналитика претставува реакредитација со деноминација на студиската програма Информациски и комуникациски системи во бизнис и менаџмент, и е активна од академската 2023/2024 година. Програмата ги обединува информатиката, комуникациите, економијата, менаџментот и деловното работење, со посебен нагласок на интеграцијата на научните области Применета економија, Бизнис менаџмент, Индустриско инженерство и менаџмент, Информациони системи и мрежи и Процесирање на податоци. Со тоа се обезбедува обука за вештините потребни за решавање на сложени проблеми кои се јавуваат во управувањето со аналитика на големи податоци, маркетинг, финансии, иновации и технологија.

Програмата нуди образование кое ги подготвува студентите за примена на тековните концепти и техники за деловна анализа, анализирање на деловни проблеми со соодветни аналитички техники, примена на алгоритми за машинско учење, дизајнирање стратегии за вештачка интелигенција и развивање решенија за деловни проблеми од реалниот свет. Идните дипломци на Факултетот за информатички и комуникациски науки ќе бидат дигитални креатори кои ќе имаат важна улога во трансформирањето на постојните бизниси преку развојот и примената на новите дигитални технологии.

По завршување на четиригодишните студии (240 ЕКТС, ниво VIA), студентот се стекнува со Универзитетска диплома по информатички науки и технологии и го добива звањето Дипломиран инженер по информатички науки и технологии, од подрачјето на Дигитална бизнис аналитика.

4.2 Втор циклус студии

Вториот циклус студии на Универзитетот го сочинуваат програми од областа на информатичките и комуникациски науки, како и нивна примена во други научни области. Во анализираниот период на Универзитетот функционираат акредитирани студиски програми на три факултети, при што бројот на активни програми се зголемувал во текот на периодот. Во академската 2022/2023 година активни се три студиски програми, во 2023/2024 нивниот број се зголемува на пет, а истиот број се одржува и во 2024/2025 година. Прегледот на студиските програми на втор циклус студии, на факултетите на

УИНТ „Св. Апостол Павле“ - Охрид, за академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години, е даден во табелата 8.

Табела 8: Студиски програми на втор циклус студии на УИНТ

Втор циклус студии на единиците на УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид	Времетраење на студиите	Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите	Статус
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ			
ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (реакредитирана во 2023/2024 година)	една година (2 семестри)	60 ЕКТС	активна, акредитирана
ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИ (реакредитирана во 2023/2024 година)	две години (4 семестри)	120 ЕКТС	активна, акредитирана
ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА			
ИНФОРМАТИЧКА И МРЕЖНА БЕЗБЕДНОСТ, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ (реакредитирана во 2023/2024 година)	две години (4 семестри)	120 ЕКТС	активна, акредитирана
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО			
КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА (активна од 2023/2024 година)	една година (2 семестри)	60 ЕКТС	активна, акредитирана
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ			
ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ ЗА БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ (активна до 2022/2023 година) ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА (активна од 2023/2024 година)	една година (2 семестри)	60 ЕКТС	активна, акредитирана

Во продолжение е даден опис само на **активните** студиски програми од втор циклус студии.

4.2.1 Студиска програма ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (едногодишни и двегодишни студии) на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност

Студиската програма за втор циклус на студии по Информатички науки и технологии опфаќа изучување на задолжителни предмети по напредни програмски алгоритми и математички методи, компјутерска визија, компјутери со високи перформанси, податочно рударење и вгнездени системи. Студиската програма покрива области од полето на Информатика (природно-математички науки) и полето Компјутерска техника и информатика (техничко-технолошки науки). Големиот број на изборни предмети од областите кои ги покриваат петте факултети на УИНТ ја прави оваа програма мошне атрактивна, пред сè поради можноста за избор на предмети за тесно насочено усовршување во областите на интерес.

Акцент во вториот циклус на студии на УИНТ се става на самостојната истражувачка работа, теоретска и практична. Тенденција е испитите да се полагаат со конкретен, современ проект, кој ќе биде во согласност со научните трендови во областа.

Програмата се реализира согласно акредитираната студиска програма од 2018/2019 година и согласно новата акредитирана програма од 2023/2024 година за двегодишните студии. По завршување на едногодишните или двегодишните студии, студентот се стекнува со Универзитетска диплома од подрачјето информатички науки и технологии и го добива звањето Магистер по информатички науки и технологии (60 ЕКТС за едногодишни, 120 ЕКТС за двегодишни студии, ниво VIIA).

4.2.2 Студиска програма ИНФОРМАТИЧКА И МРЕЖНА БЕЗБЕДНОСТ, ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика

Студиската програма Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци ги обединува областите на заштитата на податоците (со посебен осврт на заштитата на личните податоци), безбедноста на процесирањето на податоците, безбедноста на мрежи и информатички системи, големите податоци и отворените податоци. Вклучени се предмети како безбедност и опстанок на мрежи, следење на мрежи, анализа на големи податоци, интегритет на податоци, безбедност при процесирање на податоци, моделирање на податоци, бизнис и технолошки трендови кај процесирање во облак, отворени податоци, приватност и заштита на податоците и сл., како и голем број изборни предмети на ниво на факултет и Универзитет.

Програмата е двегодишна (120 ЕКТС, ниво VIIA) и е активна во сите три академски години во анализираниот период. По завршување на студиите, студентот се стекнува со Диплома за завршен втор циклус студии по информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци и го добива звањето Магистер по информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци.

4.2.3 Студиска програма КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА на Факултетот за компјутерски науки и инженерство

Студиската програма по Компјутерска техника и информатика на втор циклус е нова акредитирана студиска програма активна од академската 2023/2024 година. Програмата покрива области од полето Компјутерска техника и информатика, вклучувајќи архитектура на сметачки системи, програмски јазици и технологии, информациони системи и мрежи, бази на податоци, вештачка интелигенција и системи и процесирање на податоци. Студентите стекнуваат суштински знаења за информациони системи и програмирање, дистрибуирани системи, напредни алгоритми, роботички системи, паралелно процесирање и технологии во облак (cloud), магла (fog) и на раб (edge).

Програмата е едногодишна (60 ЕКТС, ниво VIIA). По завршување на студиите, студентот се стекнува со Универзитетска диплома и го добива звањето Магистер по компјутерска техника и информатика.

4.2.4 Студиска програма ДИГИТАЛНА БИЗНИС АНАЛИТИКА на Факултетот за информатички и комуникациски науки

Студиската програма по Дигитална бизнис аналитика на втор циклус претставува реакредитација со деноминација на постојната студиска програма Информациски и комуникациски системи во

бизнис и менаџмент за втор циклус, и е активна од академската 2023/2024 година. Програмата интегрира области од Економски науки, Организациони науки и управување, Индустриско инженерство и менаџмент и Компјутерска техника и информатика, обезбедувајќи вештини за управување со аналитика на големи податоци, дигитална трансформација на бизниси, примена на алгоритми за машинско учење и дизајнирање стратегии за вештачка интелигенција во деловни контексти.

Програмата е едногодишна (60 ЕКТС, ниво VIIA). По завршување на студиите, студентот се стекнува со Универзитетска магистерска диплома и го добива звањето Магистер по информатички науки и технологии од подрачјето на Дигитална бизнис аналитика.

4.3 Трет циклус студии

Третиот циклус студии на Универзитетот е воведен со акредитирање на студиска програма во 2023 година. Во академската 2024/2025 година, која е прва година на реализација на овие студии, активна е една студиска програма на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, прикажана во табела 9.

Во академската 2024/2025 година на трет циклус студии се запишани 3 студенти.

Табела 9: Студиски програми на трет циклус студии на УИНТ во академска 2024/2025 година

Трет циклус студии на единиците на УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид	Времетраење на студиите	Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите
ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО		
Студиска програма по КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА	три години (6 семестри)	180 ЕКТС

4.3.1 Студиска програма КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА на Факултетот за компјутерски науки и инженерство

Студиската програма за трет циклус на студии по Компјутерска техника и информатика е тригодишна академска универзитетска студиска програма (180 ЕКТС, ниво VIII), акредитирана во 2023 година и реализирана на Факултетот за компјутерски науки и инженерство. Програмата е дизајнирана да образува високо квалификувани кадри кои ќе бидат оспособени за подобрување на организациските процеси во бизнис заедницата, како и за оформување и развој на наставниот и истражувачкиот капацитет на научно-образовните институции, особено на јавните универзитети, институти и развојни центри на компании кои работат во областа на информатичките науки и технологии.

Студиската програма се темели на современите научни сознанија во областа на компјутерската техника и информатика, опфаќајќи архитектура на сметачки машини, програмски јазици и технологии, информациони системи и мрежи, бази на податоци, обработка на информации, вештачка интелигенција и системи и процесирање на податоци. Во наставниот процес активно се следат светските и европските текови во високото образование на докторски студии, при што

студентите стекнуваат напредни научно-истражувачки, теоретски и практични знаења, истражувачки вештини, нови инженерски знаења и менаџерски вештини.

Студиската програма вклучува два задолжителни предмети: Научно-истражувачки методи и вештини за пишување на трудови и проекти, и Методологија на научно-истражувачка работа во компјутерската техника и информатика, и четири изборни стручни предмети. Останатите кредити се освојуваат преку докторски семинари, годишни конференции, работилници, самостојно истражување, меѓународна мобилност, пријавување, пишување и јавна одбрана на докторскиот труд. Максималниот број на запишани студенти е 21 (три студенти по ментор).

По завршување на тригодишните студии и јавна одбрана на докторскиот труд, студентот се стекнува со Универзитетска диплома и го добива научното звање Доктор по компјутерска техника и информатика (на англиски јазик: Ph.D. in Computer Technics and Informatics).

5 НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР и НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

5.1 Наставно-научен и соработнички кадар

Наставата на Универзитетот се реализира од страна на наставно-научен и соработнички кадар. Според податоците добиени од Стручната и административна служба на универзитетот, бројот на домашниот наставно-научен, и соработнички кадар е претставен во табелата 10. Податоците во табелата покажуваат непроменетост во бројната состојбата на академскиот кадар во извештајниот период. Во академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години, од извештајниот период, наставно-научниот кадар на УИНТ го сочинуваат четири редовни и девет вонредни професори, а останатите се доценти. Академскиот кадар го сочинуваат уште еден виш лектор и еден соработник.

Табела 10: Академски кадар на УИНТ

Академски кадар	Наставно-научен	Научен	Соработнички	Вкупно
2022/2023	18	0	2	20
2023/2024	19	0	2	21
2024/2025	18	0	2	20

Состојбите со бројот на вкупниот академски кадар укажуваат на неопходноста и потребата од постојано зголемување на вкупниот број на наставен и соработнички кадар. За непречено одвивање и континуирано подобрување на наставата потребно е обновување посебно во делот на соработничките звања како и во делот на наставно-научните звања со цел да се обезбеди континуитет и подобрување во квалитетот на образовниот и научниот процес на Универзитетот.

5.2 Наставно-образовна дејност

Студиските програми кои ги нуди Универзитетот се наведени во Глава 4. Тоа се студиски програми од потесната област на универзитетот, информатички науки и технологии, кои овозможуваат следење на актуелните трендови во информатичкото општество. Наставата во студиските програми

се состои од: предавања, вежби и консултации; домашни задачи, проекти, практични задачи, семинарски работи и дипломски работи. Испитите се полагаат во три редовни сесии: јануарска, јунска и септемвриска и две дополнителни сесии: февруарска и октомвриска. Првите колоквиуми се организираат во осмата недела од семестарот, а вторите во петнаесеттата недела од семестарот.

Наставата се одвива со физичко присуство, но со одлука арх. бр. 02-555/2 од 31.08.2022 година е дозволено до 30% од часовите да се одвиваат онлајн. Како подршка на наставниот процес, и во наставата со физичко присуство и во онлајн наставата се платформите Microsoft Teams и Moodle, на која наставниците и асистентите ги прикачуваат наставните материјали.

Испитите и се одвиваат со физичко присуство, во форма на писмен испит, а поретко и устен испит, заради поголема коректност при испитувањето и оценувањето.

6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

Учеството на студентите во управувањето со УИНТ „Св. Апостол Павле“ се реализира преку **Факултетските студентски собранија (ФСС) и Универзитетското студентско собрание (УСС)**, кои се конституираат преку редовни демократски избори (четвртиот и петтиот изборен циклус беа спроведени во овој период). УСС функционира со едногодишен мандат и во периодот од 2022 до 2025 година одржувало помеѓу 4 и 6 седници годишно, при што се донесени вкупно 58 акти за регулирање на студентските прашања. Иако ФСС се успешно формирани на повеќето единици, како што се Факултетот за компјутерски науки и инженерство (ФСКНИ) и Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност (ФКМБ), на одредени единици како ФАИТМИР не се формирани собранија, додека на ФИКН во 2024/25 година не се формираше тело поради недостиг на пријавени кандидати.

Преку овие претставнички тела, студентите обезбедуваат директно учество во највисоките органи на Универзитетот, вклучувајќи го **Сенатот, Ректорската управа и Наставно-научните совети (ННС)** на поединечните факултети. Избраните претседатели на УСС, како што беа Јован Иловски (2022/23), Ана Алексова (2023/24) и Ангела Ѓурова (2024/25), имаат клучна улога во пренесувањето на студентските перспективи и обезбедувањето транспарентност при донесувањето одлуки. Дополнителен механизам за заштита е **Студентскиот правобранител** (позиција која ја извршуваа Димитар Митревски и Рахела Бушиноска во наведените мандати), кој е задолжен да ги брани правата на студентите и да доставува годишен извештај до Универзитетскиот сенат.

7 ЕВАЛУАЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ, НАСТАВНО-НАУЧНИОТ И АСИСТЕНТСКИОТ КАДАР, КАКО РЕЗУЛТАТ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ АНКЕТИ

Во извештајниот период спроведени се хартиени анонимни анкети во зимскиот и во летниот семестар од академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025. Со овие анкети се опфатени вкупно 243 студенти, од кои 149 студенти од CSE, 18 од CNS, 31 од ISVMA, 22 од AITMIR и 23 од ICS, што претставува околу 77% од вкупниот број на запишани студенти во периодот на евалуација од 2022 до 2025 година.

Студентите преку анкетните прашалници го оценувале административниот кадар и административните услуги, наставно научниот и асистентскиот кадар, како и наставниот процес воопшто. Анкетниот прашалник е даден во **Прилог** на извештајот.

7.1 Евалуација на административниот кадар и административните услуги

[B3] Делот со прашања во однос на администрацијата и колку се задоволни студентите од административните услуги како библиотечните ресурси и услуги, достапноста до администрацијата, студентската служба, веб страна, онлине ресурси, студенски парламент и слично.

Средните оценки по горе наведените прашања се резимирани во следната табела 11:

Табела 11. Средни оценки за административните услуги по факултети

	Факултет	B3.1	B3.2	B3.3	B3.4	B3.5	B3.6	B3.7	Ср. по факултет
Администрација	CSE	3.82	3.90	3.56	4.05	3.69	3.70	3.71	3.78
	CNS	3.88	3.76	3.63	3.71	3.76	3.71	3.76	3.74
	ISVMA	3.65	3.55	3.39	3.97	3.84	3.87	3.77	3.72
	AITMIR	3.90	4.09	3.41	3.95	3.64	3.82	3.77	3.80
	ICS	4.13	4.09	3.83	4.17	4.00	4.22	4.17	4.09

7.2 Евалуација на квалитетот и реализацијата на студиската програма

[B1] Делот со прашања поврзани со квалитетот на студиската програма и [B2] делот во однос на реализацијата на студиската програма се состоеше од прашања колку студиската програма е модерна и атрактивна, колку таа им помага на студентите да стекнат соодветно знаење и вештини во согласност со професионалниот профил, колку им обезбедува применливо и практично знаење, дали има логичен редослед и континуитет на предмети, дали наставниот процес е соодветно организиран, дали испитните сесии и среднорочните испити се правилно организирани и закажани, колку е застапен практичниот дел и слично.

Средните оценки по горе наведените прашања се резимирани во следната табела 12:

Табела 12. Средни оценки за студиските програми по факултети

	Факултет	B1.1	B1.2	B1.3	B1.4	B1.5	B1.6	B2.1	B2.2	B2.3	B2.4	B2.5	B2.6	Ср. по факултет
Студиски програми	CSE	3.83	3.72	3.58	3.93	3.35	3.74	3.66	3.75	3.58	3.77	3.38	3.51	3.65
	CNS	3.65	3.82	3.76	3.63	3.24	3.82	3.71	3.47	3.82	3.59	3.00	3.59	3.59
	ISVMA	3.94	3.84	3.84	3.83	3.53	3.74	3.71	3.53	3.71	3.55	3.43	3.35	3.67
	AITMIR	3.91	3.73	3.41	3.82	3.14	3.48	3.91	4.00	3.86	4.00	3.05	3.55	3.65
	ICS	4.22	4.09	3.82	4.00	3.13	3.43	4.09	4.04	3.78	4.17	3.65	3.52	3.83

7.3 Ресурси и бенефити од наставните предмети

[T] Во овој дел од прашалникот беше евалуирана опфатеноста на материјалот од аспект на учебници, литература, материјали и ресурси за учење. Средните оценки по прашања се резимирани во следната табела 13, во однос на наставните ресурси.

Табела 13. Средни оценки по прашањата кои се однесуваат на наставни ресурси

	Факултет	T1	T2	T3	T4	Ср. по факултет
Наставни ресурси	CSE	4.22	4.21	4.13	4.12	4.17
	CNS	4.14	4.19	4.03	4.02	4.10
	ISVMA	4.05	4.01	3.98	3.96	4.00
	AITMIR	4.12	4.09	4.09	4.04	4.09
	ICS	4.28	4.33	4.01	3.94	4.14

[BE] Во овој дел од прашалникот беа евалуирани наставните предмети. Евалуацијата беше од аспект на бенефитот кој се постигнува од следењето на дадениот предмет. Дали предметот го зголемил интересот за дадената област, дали студентот се чувствува дека доволно ја совладал материјата, дали предметот помага во целосното оформување на профилот на студентот, дали преметот ги исполнил очекувањата на студентот. Средните оценки по прашања се резимирани во следната табела 14, во однос на придобивки од наставните предмети.

Табела 14. Средни оценки по прашањата кои се однесуваат на придобивки од предметите

	Факултет	BE1	BE2	BE3	BE4	Ср. по факултет
Придобивки од предметите	CSE	4.00	4.10	4.06	4.12	4.07
	CNS	3.76	4.08	3.94	4.07	3.96
	ISVMA	3.81	3.85	3.88	3.91	3.86
	AITMIR	4.01	4.05	3.99	3.96	4.00
	ICS	3.75	3.93	3.95	3.93	3.89

7.4 Евалуација на наставно-научниот и асистентскиот кадар

[C] Во однос на наставниот кадар (професори и асистенти), студентите одговарале на 13 прашања, од кои 5 прашања се во однос на литературата која е посочена за совладување на материјалот по дадениот предмет (дали адекватно ја покрива материјата, дали е јасна и добро напишана, дали ефективно се користи, и дали студентот се согласува дека истата е соодветна за наставниот материјал) и 4 прашања се однесуваат на соработка со наставниот кадар со студентите, вклученост на активности кои го поттикнуваат и зголемуваат знаењето во наставната област; дали предавањата се јасни и разбирливи. Понатаму има 2 прашања за евалуација на начинот на кој професорот комуницира со студентите, последните 2 прашања се однесуваат на начинот на спроведување на колоквиумите / испитите. Целокупната средна оценка за работата на наставно-научниот кадар е 4.26 (максимум 5).

Може да се забележи дека за соодветноста на дополнителни активности, практична работа и активности кои придонесуваат за проширување и зголемување на знаењето е добиена малку пониска оценка од севкупната, што ни укажува дека студентите очекуваат дека треба да понуди разновидна пракса и практична настава за поголем број од наставните предмети. Дополнително, има потреба за

обезбедување на посовремени и поквалитетни ресурси, опрема и едукативни материјали, како и алатки за реализација на наставата.

Според обработените податоци за евалуацијата на професорите по факултети се забележува дека нема значајна разлика во евалуацијата на професорите во дадените оценки по факултети, што е и очекувано, со оглед на тоа што универзитетот функционира интегрирано, преглед во табелата 15.

Табела 15. Средни оценки на професорите по факултети

Професори	Факултет	C1	C2	C3	C4	C5	C6	C7	C8	C9	C10	C11	C12	C13	Ср. по факултет
	CSE	4.33	4.36	4.42	4.31	4.29	4.34	4.20	4.21	4.39	4.33	4.46	4.38	4.47	4.34
	CNS	4.03	4.10	4.20	4.11	4.16	3.98	4.02	4.05	4.18	4.15	4.14	4.24	4.17	4.12
	ISVMA	4.09	4.06	4.22	4.10	4.08	4.16	4.15	4.10	4.17	4.13	4.17	4.20	4.25	4.15
	AITMIR	4.23	4.25	4.36	4.35	4.27	4.27	4.27	4.15	4.26	4.27	4.29	4.27	4.33	4.28
	ICS	4.40	4.27	4.53	4.37	4.34	4.29	4.15	4.25	4.51	4.27	4.47	4.40	4.51	4.37

Според обработените податоци за евалуацијата на асистентскиот/соработнички кадар по факултети нема значајна разлика во евалуацијата на асистентскиот кадар по факултети, преглед на резултати во табелата 16.

Табела 16. Средни оценки на асистентите по факултети

Асистенти	Факултет	C1	C2	C3	C4	C5	C6	C7	C8	C9	C10	C11	C12	C13	Ср. по факултет
	CSE	4.33	4.36	4.43	4.31	4.29	4.33	4.22	4.22	4.38	4.32	4.43	4.38	4.46	4.34
	CNS	4.13	4.18	4.19	4.22	4.26	4.21	4.19	4.17	4.22	4.25	4.21	4.26	4.15	4.20
	ISVMA	4.09	4.05	4.19	4.08	4.08	4.16	4.11	4.09	4.15	4.13	4.13	4.15	4.22	4.13
	AITMIR	4.21	4.26	4.36	4.36	4.28	4.26	4.28	4.16	4.28	4.28	4.28	4.26	4.32	4.28
	ICS	4.31	4.17	4.47	4.30	4.26	4.19	4.15	4.19	4.44	4.22	4.41	4.39	4.45	4.30

Според анализата на спроведените анкети, студентите се задоволни од професорите и асистентите бидејќи се забележува дека во најголем дел студентите немаат дадено никаков коментар или имаат дадено позитивни коментари во полето во кое им е посочено да дадат коментар во врска со тоа како професорите и асистентите би можеле да го подобрат предметот и/или нивните методи да предавање. Се забележува мало незадоволство поврзано со доцнење на професорите, одложување на некои испити, доцнење при објавување на резултати од колоквиуми и испити како и одложен одговор на емаил на студентите. Дел од коментарите се однесуваат во однос на ненавремено споделување на материјали за учење пред колоквиуми/испитни сесии.

8 ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Вкупниот простор кој што е наменет за изведување и поддршка на наставната и истражувачка дејност на Универзитетот ја сочинуваат: амфитеатар, предавални, компјутерска лабораторија, просторија за службата за студентски прашања, библиотека со читална, ректорска канцеларија, канцеларии за наставниот кадар, како и за административната и стручна служба. Преглед и спецификација на просторните и материјално-техничките ресурси на универзитетот е претставен во табелите 17 и 18, од Прилозите на Извештајот.

9 ЛОГИСТИКА

Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид се наоѓа во централното градско подрачје на градот и само на 100 метри од Охридското езеро. Атрактивната локација и поврзаноста на Универзитетот со градот дава идеална можност за студирање во овој културен, духовен и туристички центар на Македонија. Градот е широко познат преку дејноста на св. Климент Охридски во крајот на IX и почетокот на X век и првиот Сесловенски универзитет во Европа. Охрид и Охридското Езеро се светско културно и природно богатство под заштита на УНЕСКО од 1980 година. Во непосредна близина на Универзитетот е сместен студентски дом “Никола Карев” – Охрид, кој е еден од најатрактивните студентски домови во државата.

Меѓународен карактер и настава УИНТ е изразито меѓународна институција каде англискиот е официјален јазик на наставата. Универзитетот се гордее со својата културна разновидност и мултинационална студентска популација која доаѓа од повеќе од 40 земји во светот, покрај студентите од регионот и соседните држави како Албанија. Студиските програми се засновани на најдобрите практики од водечките универзитети во САД и Европа и се усогласени со ЕКТС системот.

Дигитална инфраструктура и алатки за учење Универзитетот користи современа ИКТ опрема за континуиран проток на информации. Покрај студентските е-адреси, активни се платформите Microsoft Teams и Moodle за пристап до наставните материјали.

9.1 Организација на студентските служби

Универзитетот располага со потребниот административно-стручен кадар и простор за обезбедување на потребната логистичка поддршка за студентите на сите степени од студиите. Административниот кадар на Универзитетот е ангажиран за извршување на административно-техничките работи поврзани со наставно- научниот процес. Универзитетот има ангажирано вкупно 14 лица за извршување на стручните и административно-техничките работи.

Генералниот секретар, Раководителот на ЕКТС и вработените во студентски прашања и канцеларијата за мобилност се постојано достапни лично или преку телефон во рамките на редовното работно време. Дополнително, можна е и комуникација во секое време, преку службените е-адреси на вработените. Статус на студент на Универзитетот се стекнува со запишувањето на дипломски, постдипломски (магистерски) или докторски студии. Студентите своите права и обврски ги остваруваат согласно со закон и со општите и интерни акти на Универзитетот и на единиците во неговиот состав.

9.2 Услуги на библиотеката

Универзитетот располага со универзитетска библиотека со повеќе од 11.670 книги, учебници и учебни помагала на македонски и англиски јазик (и албански јазик), од светски реномирани автори и издавачки куќи со преку 800 различни наслови. Студентите имаат лесен и едноставен пристап до ресурсите на библиотеката, односно со самото стекнување на статус студент, и запишувањето во соодветната студиска година, студентот по автоматизам добива членство во универзитетската библиотека и пристап до сите книги, учебници и учебни помагала.

Во периодот за кој се извршува самоевалуацијата академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година, фондот на книги на библиотеката не е зголемен, односно не се набавени нови книги. Ваквата ситуација се должи на фактот што во буџетот на универзитетот не се предвидени средства за оваа намена, но можеби за ова треба да се размисли и во следното анкетирање да се побара мислењето на студентите и наставниот кадар за набавка на литература.

Со оглед на природата на студиските програми и потребата од следење на најновите светски трендови во ИКТ секторот, поголемиот дел од учебните помагала, задолжителната литература и дополнителните наставни материјали се достапни во **електронска форма**. Пристапот до овие материјали е централизиран преку платформите за е-учење Microsoft Teams и Moodle, каде наставниот и асистентскиот кадар редовно ги прикачуваат сите потребни ресурси за соодветните предмети. Ваквиот пристап овозможува студентите да имаат лесен и едноставен пристап до наставните материјали во секое време и од која било локација, што е особено значајно за реализација на проектно-базираното учење и истражувачката дејност на Универзитетот.

10 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Уште од самото основање на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" - Охрид, меѓународното препознавање и етаблирање се главен приоритет во неговото функционирање.

Поаѓајќи од основните постулати и концепти на Универзитетот, поврзаноста помеѓу домашните и странските професори и студенти, како и потребата за интензивно напредување, Универзитетот постојано работи на поттикнување на меѓународна соработка, склучување на договори за соработка со останатите универзитети во нашата држава, како и со реномирани светски универзитети и научни институти. Универзитетот учествува во билатерални, регионални и мултилатерални форми на академска размена и соработка во делот на образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност.

10.1 Соработка на национално и меѓународно ниво

Во периодот од 2021 до 2025 години, Универзитетот континуирано развива и унапредува надворешна соработка на национално и меѓународно ниво, преку воспоставување формални партнерства и работни врски со високообразовни установи, компании, организации и институции од земјата и странство. Оваа соработка е насочена кон јакнење на интернационализацијата, размена на знаења и искуства, поддршка на наставно-образовниот процес, како и создавање можности за заеднички академски, истражувачки и апликативни активности.

На меѓународен план, во анализираниот период се евидентирани соработки со повеќе универзитети и високообразовни институции од Европа и пошироко, меѓу кои: Pan-European

University Apeiron од Босна и Херцеговина, University of El Qued од Алжир, Technical University of Varna од Бугарија, Shanghai University of Medicine and Health Sciences, University of KwaZulu-Natal од Јужноафриканската Република, Maharishi Markandeshwar University и VIT Bhopal University од Индија, University Sao Caetano do Sul од Бразил, Универзитетот „Фан С. Ноли“ од Албанија, Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Burdur Mehmet Akif Ersoy University и Altınbaş University од Турција, Georgian American University, Универзитетот за библиотечни студии и информациски технологии од Софија, Gansu Agricultural University, како и Lanzhou Jiaotong University од Народна Република Кина со кои се потпишани меморандум за соработка и договор за Центар за технологија, образование и културна размена.

Покрај соработката со високообразовни институции, Универзитетот развива и широка мрежа на национални и меѓународни партнерства со компании, граѓански организации, училишта, библиотеки, здравствени установи и други субјекти. Во таа насока, во извештајниот период се склучени соработки со Writerity Inc, Bintern Битола, Акаунтинсајт Источна Европа, Guli Youth Крушево, ГрабИТ ДООЕЛ Прилеп, Great IT Nordic AB, iSource Битола, Prime Point, WeWatt Company, IT Labs, CEFE Macedonia, Junior Achievement Macedonia, како и со повеќе образовни и културни институции, меѓу кои Средното училиште „Ѓорѓи Наумов“ – Битола, Универзитетската библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Библиотеката „Григор Прличев“ – Охрид, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, ОСУ „Св. Климент Охридски“ и ЈЗУ Специјализирана болница „Свети Стефан“. Во периодот 2024–2025 е склучен и договор за стипендии со Амбасадата на НР Кина во Република Северна Македонија. Ваквата разновидна и континуирана надворешна соработка укажува на активна вклученост на Универзитетот во поширокото академско, општествено и економско окружување. Податоците за склучени меморандуми и договори за соработка се дадени во Табела 19, од Прилозите на Извештајот.

10.2 Учество во Европски програми

Во периодот од 2021 г, Универзитетот бележи активно учество во европски и меѓународни програми и проекти, што претставува значаен показател за институционалниот капацитет за проектно работење, интернационализација и вклучување во современи развојни и истражувачки текови. Во анализираниот период се евидентирани повеќе проекти финансирани од европски и други меѓународни програми, при што особено се издвојуваат: UIST – Prime Blue Accelerator, финансиран од GIZ во рамки на програмата EU for Economic Growth; SMART Agriculture – IoT base solution for digital agriculture transformation; IPA ADRION – JOINABLE; COPILOT – Enhancing Deep Tech Innovation and Entrepreneurship Capacities in Sustainable Energy and Clean Technologies; како и проектот SINFT – Social Impact NFTs: Empowering youth to make a social impact by creation of NFTs, во рамки на повикот ERASMUS-EDU-2024-VIRT-EXCH. Дополнително, евидентирани се и институционални активности во рамки на Еразмус+ програмата, и тоа преку проектите КА131-HED и КА171-HED за мобилност во високото образование.

Во анализираниот период учеството на Универзитетот во европските програми не се сведува единствено на формално партнерство, туку опфаќа и конкретни координативни, организациски и експертски улоги на академскиот кадар. Во периодот 2024–2025 се регистрирани ангажмани како универзитетски координатор, координатор, координатор за дисеминација и комуникација, учесник и член на работни групи во проекти поддржани од EIT Food, Erasmus+, IPA ADRION, COST и други релевантни програми и тела. Исто така, се евидентирани активности во рамки на COST акции и Horizon Europe иницијативи, што укажува на интегрирање на Универзитетот во европски научни и професионални мрежи. Ваквото учество придонесува за јакнење на институционалната видливост, интернационалната поврзаност и развојот на проектно-истражувачката култура. Детален преглед на проектите реализирани и тековни се дадени во Табела 20.

Табела 20. Реализирани проекти во периодот 2022-2025 година

ПРОЕКТИ	Период на реализација
COPILOT - Enhancing Deep Tech Innovation and Entrepreneurship Capacities in Sustainable Energy and Clean Technologies for a long-lasting institutional change within European HEIs	2025 - 2027
SINFT Social Impact NFTs: Empowering youth to make a social impact by creation of NFTs, European Union. Call: ERASMUS-EDU-2024-VIRT-EXCH (Virtual exchanges in higher education and youth)	2025 - 2028
AI-Driven Digital Transformation in Smart Production Systems, supported by the Ministry of Economy and Labor, R.N. Macedonia	2024 - 2025
IPA ADRION - JOINABLE JOINt approAch to Blue circuLar Economy - for Adriatic and Ionian Region.	2024 - 2027
SMART Agriculture - IoT base solution for digital agriculture transformation, supported by the fund for innovation and technological development, R.N. Macedonia	2023 - 2025
UIST – Prime Blue Accelerator Финансиран од GIZ Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, во рамки на програмата на EU for Economic Growth (EU4EG)	2022 - 2024
ARTICONF – smART Social media eCOsytstems in a blockchaiN Federated environment, Horizon 2020 Framework Programme	2019 – 2023
Intelligent Cross-Border Accelerator for Innovative ICT-enabled start-ups (iCBA) Interreg IPA Cross Border Collaboration Programme	2019 - 2022
Национална агенција за европски образовни програми и мобилност **„Еразмус + 2021-2027 Клучна акција КА131-HED** – Мобилност во полето на високото образование помеѓу програмски држави“ со регистарски број 2023-1-МК01-КА131-HED 000112552	2023 -2025
Национална агенција за европски образовни програми и мобилност **„Еразмус + 2021-2027 Клучна акција КА171-HED** – Меѓународна кредитна мобилност во високото образование“ со регистарски број 2023-1-МК01-КА171-HED 000113448	2023 - 2026

10.3 Мобилност на студентите и академскиот кадар

УИНТ „Св. Апостол Павле“ - Охрид, преку одделот за меѓународни односи, продолжува активно да учествува во програмата Еразмус+ Клучна акција 1 преку зголемување и проширување на бројот на договори со универзитети од Европската Унија и пошироко, како и преку реализација на мобилности за наставен кадар, административен персонал и студенти. Преку овие активности, УИНТ, во согласност со долгорочната визија на Универзитетот, ги постигнува следните клучни цели:

- Интернационализација на УИНТ
- Зајакнување на глобалните академски партнерства
- Подобрување на институционалната видливост и углед
- Поттикнување на прекуграничната соработка
- Градење на капацитетите на студентите и персоналот
- Овозможување на меѓукултурни компетенции
- Поддршка на академскиот и професионалниот развој
- Поттикнување на доживотното учење и прилагодливост
- Размена на добри практики
- Споделување на иновативни наставни и административни методологии
- Подобрување на институционалните процеси преку меѓународни искуства
- Поттикнување на континуирано подобрување
- Основање за идна соработка
- Воспоставување одржливи партнерства за заедничко истражување, програми и мобилности
- Создавање долгорочни мрежи за академски и професионален развој

УИНТ е единствениот јавен универзитет во Северна Македонија со пет факултети посветени на академската област 061, што овозможува непречена мобилност на студентите и учество во програмата Еразмус+.Преку програмата Еразмус+ Клучна акција 1, на студентите им се обезбедуваат следните придобивки:

- Подобрена вработливост
- Меѓународното искуство ја зголемува конкурентноста на глобалниот ИКТ пазар
- Учесниците стекнуваат прилагодливост и интеркултурна компетенции
- Мобилноста го поттикнува разбирањето на принципите на ЕУ и академската соработка
- Поттикнува културна интеграција и граѓанско учество
- Развој на вештини
- Јазична компетентност, технолошка експертиза и тимска работа во разновидни средин
- Изложеност на меѓународни академски стандарди и практики

Преку програмата Еразмус+ се постигнува траен ефект, позиционирајќи го УИНТ како регионален лидер во ИКТ образованието и меѓународната соработка, придонесувајќи за:

- Глобална мобилност на таленти
- Развој на инклузивни и иновативни академски практики
- Зајакнување на присуството на Северна Македонија во Европскиот простор за високо образование

Програмата Еразмус+ на УИНТ се имплемитира во согласнот со Правилник за мобилност за домашна и меѓународна универзитетска мобилност усвоен на 31 мај 2024 година. Одделот за меѓународни односи ги дефинира постапката, документите, роковите и критериумите за

аплицирање. Конкурсот е објавен на веб-страницата на Универзитетот, а студентите се информираат преку информативни сесии организирани од Одделот и координаторот за Еразмус.

Услови за аплицирање: Студентот мора да има статус на редовен студент, мора да е запишан во втора година од прв циклус студии, мора да биде македонски државјанин или лице со постојан престој во Северна Македонија и мора да ги исполнува условите од специфичниот институционален договор.

Избор на курс: Пред да аплицира, студентот мора да се консултира со координаторот за Еразмус, Канцеларијата за студентски прашања и ЕКТС и Комисијата за признавање испити за да го одреди семестарот, студиската програма и курсевите на институцијата домаќин.

Комисија за селекција: Ректорот формира Комисија за селекција која ги оценува кандидатите според критериумите од конкурсот. Предност им се дава на кандидатите кои не добиле грант во последните години. Комисијата поднесува Извештај за селекција до ректорот и координаторот за Еразмус+.

Договор за учење: По изборот, Комисијата за признавање испити и трансфер на кредити издава писмено мислење за компатибилност, во кое се наведува методот на трансфер на кредити за секој предмет. Доколку се вклучени задолжителни предмети, предметниот наставник исто така учествува во комисијата. По добивањето на мислењето, студентот може да поднесе жалба во рок од 24 часа; Комисијата поднесува одговар во рок од 3 дена. Доколку одлуката е негативна, жалбата се поднесува до ректорот, чија одлука е конечна. Откако ќе се усвои мислењето, Договорот за учење го потпишуваат студентот, ректорот и претставници на институцијата домаќин.

Курсевите се организирани во две табели: Табела А ги содржи одобрените предмети на институцијата домаќин - сите успешно завршени предмети МОРА да бидат признати; Табела Б ги содржи предметите од домашната програма што ќе бидат заменети.

Постапка за признавање на мобилност: По враќањето, студентот го доставува преписот на оценки до Одделот за студентски прашања и Еразмус координаторот. Одделот за студентски прашања, во соработка со Комисијата за признавање испити, проверува дали завршените предмети во преписот се совпаѓаат со предметите во Договорот за учење и Мислењето за компатибилност. Доколку постои совпаѓање, Комисијата издава Предлог-Одлука за признавање на испити и трансфер на кредити, која ја усвојува наставно-научниот совет на единицата. Одлуката станува дел од досието на студентот, а завршените предмети и кредити автоматски се пренесуваат без повторно испитување.

Доколку преписот содржи предмети што не се наведени во Договорот, се признаваат само одобрените. Останатите се внесуваат исклучиво во Додатокот на дипломата.

Признавање на оценките: Оценките се конвертираат според ECTS скалата: A=10, B=9, C=8, D=7, E=6 и се вклучени во просекот на студиите. Оценките во формат „помина/не успеа“ не можат да се конвертираат, се евидентираат како што се и не се сметаат во просекот. Доколку студентот не положил курс на институцијата домаќин, матичната институција дозволува полагање испит без претходно присуство.

Минимално работно оптоварување: Студентот е должен да регистрира најмалку 18 ECTS кредити на институцијата домаќин. Целата документација: Договорот за учење, Транскриптот, Мислењето за компатибилност и Одлуката за признавање е дел од досието на студентот.

Во периодот 2021-2025 се реализирани 5 студентски мобилности во заминување во 4 Еразмус+ проекти. Во однос на земјите каде се реализирани мобилностите детална листа на студентски мобилности во периодот 2021-2025 се дадени во табела 21.

Во однос на мобилност на наставниот кадар, УИНТ успешно спроведе 10 мобилности на наставниот кадар и 7 мобилности на административниот кадар во 5 активни проекти од програмата Еразмус+ КА 131 и 171, во периодот 2021 до 2025 година, демонстрирајќи конзистентна посветеност на меѓународната академска соработка. Детална листа на мобилност на наставниот кадар за периодот 2021-2025 е дадена во табела 21.

Во периодот 2021-2025 се реализирани исто така 13 дојдовни мобилности на наставен кадар, каде УИНТ е институција домаќин. Детална листа на дојдовни мобилности е дадена во табела 22.

Во периодот 2021-2025 се реализирани 5 дојдовни мобилности на студенти, каде УИНТ е институција домаќин. Детална листа на дојдовни студентски мобилности е дадена во табела 22.

следните табели е даден приказ на реализирани мобилности преку Еразмус програмата, и во двете насоки: кога студенти и наставници од УИНТ гостуваат на партнерските универзитети (табела 21), но и кога студенти и наставници од партнерските универзитети го посетуваат УИНТ (табела 22).

Табела 21. Табела на реализирани мобилности од УИНТ кон партнерски универзитети

Држава во која е реализирана мобилноста	**Мобилности 2022/2023**			**Мобилности 2023/2024**			**Мобилности 2024/2025**		
	Студенти	**Наставен кадар**	**Админ. кадар**	**Студенти**	**Наставен кадар**	**Админ. кадар**	**Студенти**	**Наставен кадар**	**Админ. кадар**
Бугарија	-	2	-	-	1	-	-		-
Италија	-	1	1	-	-	-	-	1	-
Литванија	1	-		2	-	-	-	-	-
Португалија	-	-		-	1	-	-		-
Романија	-	-		4	-	-	-	1	-
Србија	-	-		-		-	-	-	2
Словенија	-	-	1	-	-	-	-	-	-
Шпанија	1	-		1	-	-	-	-	-
Турција	-		1	-	1	2	-		-
Бразил								1	
Албанија								1	
Вкупно	**2**	**3**	**3**	**3**	**3**	**2**	**0**	**4**	**2**

* **Административен кадар**

Табела 22. Табела на реализирани мобилности од партнерски универзитети кон УИНТ

Држава од која е реализирана мобилноста	Мобилности 2022/2023			Мобилности 2023/2024			Мобилности 2024/2025		
	Студенти	Наставен кадар	Админ. кадар	Студенти	Наставен кадар	Админ. кадар	Студенти	Наставен кадар	Админ. кадар
Бугарија	0	2	7	0	0	1	0	1	1
Италија	0	1	0	0	0	0	0	0	0
Литванија	1	0	0	2	0	0	0	0	0
Португалија	0	0	0	0	0	0	0	3	0
Србија	0	0	0	0	1	0	0	0	1
Словенија	0	0	0	0	0	1	0	0	2
Шпанија	1	0	0	1	0	0	0	0	0
Турција	0	0	4	0	3	16	0	2	6
Хрватска	0	0	3	0	0	6	0	0	7
Романија	0	0	0	0	0	2	0	0	0
Словачка	0	0	0	0	0	1	0	0	0
Полска	0	0	1	0	0	0	0	0	0
Вкупно	**2**	**3**	**15**	**3**	**4**	**27**	**0**	**6**	**17**

* **Административен кадар**

11 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Академскиот кадар на УИНТ активно учествува на голем број европски и светски научни конференции, семинари, школи и работилници. Исто така забележителна е и вклученоста на кадарот во меѓународни научно-истражувачки проекти, како и објавувањето на резултатите од истражувањата во научни списанија со импакт фактор. Ваквата состојба на Универзитетот пред сè се должи на искористените можности за пристап до меѓународни извори, европски можности за финансирање, како и европските програми за мобилност и вмрежување.

11.1 Објавени трудови

Вкупниот број на издадени трудови од страна на наставничкиот и асистентскиот кадар на Универзитетот, во периодот за кој се извршува самоевалуацијата бројот на трудови и публикации изнесува 177. Значително е помал бројот на публикации во академските 2022/2023 и 2023/2024 години во однос на бројот на публикации во 2024/2025 година. Може да се забележи дека во овој тригодишен период кадарот од објавените 177 научни трудови вкупно, 15 трудови со фактор на влијание. Детален преглед на објавени трудови и публикации, во периодот за кој се извршува самоевалуацијата, соодветно поделени по начинот на кој се објавени се дадени во табела 23.

Останатиот дел на публикации се однесуваат на 48 настани со учество на академскиот кадар во домашни и меѓународни семинари, конференции и научни собири во извештајниот периодот. Во

табелата 24, даден е преглед на учеството на академскиот кадар во домашни и меѓународни семинари, конференции и научни собири во периодот за кој се извршува самоевалуацијата.

11.2 Пријавени и реализирани научноистражувачки проекти, учество на семинари, конференции и научни собири

Од увидот во претходното поглавје, може да се утврди дека Универзитетот има интензивна научноистражувачка дејност. Во периодот академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025, академскиот кадар учествувал во вкупно 7 научноистражувачки проекти, од кои 5 научноистражувачки проекти се финансирани од меѓународни фондови. Забележително е учеството во програмите за европска соработка во науката и технологијата — COST, програмата на ЕУ — Horizon 2020 (преку проектите COPILOT и ARTICONF), Erasmus+ (преку проектот SINFT), IPA ADRION (проектот JOINABLE), како и во проекти финансирани од GIZ (бизнис акцелераторот UIST Prime Blue Accelerator) и домашни извори како Министерството за економија и труд и ФИТР (проектите за паметно производство и SMART Agriculture).

Академскиот кадар при Универзитетот, реализирал вкупно 48 презентации на семинари, конференции или научни собири, од кои 47 на меѓународни научни собири, како и една презентација на домашен научен собир. Резултатите од учеството на семинари, конференции и научни собири укажуваат дека најголемиот бројот на реализирани учества се на меѓународни научни собири, а помал број презентации се на домашни собири. Универзитетот, исто така, континуирано го издава меѓународното научно списание Journal of UIST (https://journal.uist.edu.mk/), кое во овој извештаен период ги објави своето трето, четврто, петто и шесто издание.

Табела 23. Објавени научни трудови во авторство на наставничкиот и асистентскиот кадар на УИНТ

Трудови и публикации	2022/2023	2023/2024	2024/2025
Трудови со IF	5	5	5
Труд во меѓународно списание	13	9	17
Труд во домашно списание	11	6	3
Труд на научен собир со меѓународен одбор	16	17	33
Труд на домашен научен собир	0	0	3
Стручен труд	0	6	6
Поглавје од книга објавено во странство	2	3	6
Поглавје од книга објавено во земјава	1	2	7
Вкупно по периоди	**48**	**49**	**80**
Вкупно трудови	**177**		

Табела 24. Учества на академскиот кадар на УИНТ на домашни и меѓународни семинари, конференции и научни собири

	2022/2023	2023/2024	2024/2025
Учество на меѓународни собири	13	14	20
Учество на домашни собири	0	0	1
Вкупно	**48**		

11.3 Организирани научни собири и гостување на странски предавачи

УИНТ „Св. Апостол Павле“ бележи интензивна активност во организирање научни собири и домаќинство на светски еминентни научници. Во периодот на самоевалуација (2022–2025), Универзитетот успешно ги организираше меѓународната конференција „Digital Civil Society“, конзорциумскиот состанок за проектот ARTICONF и редовните хакатони „СтартАп Викенд Охрид“ (2022, 2024 и 2025 година). Значајни се и панел дискусиите во рамки на Глобалната недела на претприемништвото (GEW 2023/2025) и Самитот за сината економија.

Во однос на гостувањето на странски предавачи, одржани се предавања од врвни научници како проф. д-р Исмаил Серагелдин, проф. Најџел Крук (Оксфорд Брукс) за машинско учење и Фулбрајт-семинарот на проф. Андреас Спаниас (Аризона Стејт). Преку програмите Erasmus+ и CEEPUS, гостуваа професори од Словачка (проф. Здималова), Турција, Полска, Естонија и Србија. Дополнително, експерти од компаниите Netcetera, IT Labs и Oracle (Рената Стојбер) одржаа предавања за софтверско тестирање и кариерен развој во Силиконската долина, поврзувајќи ги студентите директно со индустриските стандарди.

12 ФИНАНСИРАЊЕ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” - Охрид средствата за финансирање ги обезбедува по три основи и тоа: од буџетот на министерството за образование и наука, од партиципацијата која ја уплаќаат студентите и од научно-истражувачки и образовни проекти. Преглед во уделот на сите овие три ставки за периодот за кој се врши самоевалуацијата, како и процентуалното учество на секоја од ставките во вкупните приходи на универзитетот, поодделно по години е даден во табелата 25.

Според прегледот за изворите на финансирање претставен во табела 25, најголемиот дел од средствата за финансирање на Универзитетот за периодот од 2022-2024 доаѓа од буџетот на министерството за образование и наука, со просечен удел од околу 68% од вкупните приходи на Универзитетот. На второ место се приходите од студентската партиципација, а на трето место се средствата обезбедени преку научно-истражувачки и образовни проекти.

Приходите обезбедени од страна на министерството за образование и наука воглавно се наменети за плати и придонеси на вработените и реализирање на наставниот процес. Од прегледот во табелата

очигледен е трендот на пораст на висината на средства од буџетот на министерството за образование и наука, и нивниот удел во структурата на финансирање, односно од 59.21% во 2022 на 74.6% во 2024.

Табела 25. Табела на финансиските извори на УИНТ, со процентуална застапеност

Буџетска година	Приходи од буџет на МОН (во МКД)	% учество	Приходи од студенти (во МКД)	% учество	Приходи од проекти (во МКД)	% учество	Вкупно (во МКД)
2022	27,313,585	59.12	6,365,536	13.78	12,518,970	27.1	46,198,091
2023	29,374,000	70.95	7,051,866	17.03	4,978,015	12.02	41,403,881
2024	41,862,097	74.6	7,628,640	13.6	6,624,593	11.8	56,115,330

Од податоците, очигледни се значителни промени во трендот на средствата кои се обезбедуваат од научно-истражувачки и образовни проекти и приходите обезбедени од студентската партиципација.

Споредено со претходниот извештаен период на евалуација, може да се согледаат два тренда. Првиот тренд е зголемување на финансиските приходи кои доаѓаат од буџетот на МОН, а вториот, променливост во приходите од студенти и приходите од научно-истражувачки и образовни проекти.

13 НАШИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Од анализата на целокупното работење на Универзитетот и спроведениот процес на самоевалуација во извештајниот период, произлегоа неколку значајни согледувања и препораки за негово понатамошно унапредување:

- **Создавање на научни/технолошки хабови** за овозможување подобра комуникација и соработка помеѓу значителниот научно-истражувачки потенцијал на Универзитетот и иновативниот бизнис сектор.
- **Зајакнување и промоција на атрактивноста** на професионалните и научните степени преку отворање нови можности за развој на кариерата и поцврсто поврзување со бизнисот.
- **Подобрување на соодветноста на ресурсите и материјалите за учење** со наставните содржини, преку обезбедување на посовремени и поквалитетни ресурси, опрема, едукативни материјали и дигитални алатки за реализација на наставата.
- **Зголемување на кадровските капацитети:** Потребно е проширување на наставно-научниот, соработничкиот (асистентскиот) и административно-техничкиот кадар на УИНТ за непречено одвивање на дејноста.
- **Осовременување на техничката опрема** и наставните средства за вршење на дејноста во согласност со нормативите и меѓународните стандарди за високообразовна дејност.

- **Поефикасна комуникација со Министерството за образование и наука** со цел побрзо и поквалитетно решавање на административните и стратешките прашања на Универзитетот.
- **Имплементација на интегриран софтверски систем/платформа** како поддршка на одделот за студентски прашања и за останатите административни процедури (пријавување испити, внесување оценки, прибирање и чување податоци) во насока на автоматизација, сигурност и поефикасно управување со податоците.
- **Зголемување на обемот на практична настава:** Студентите имаат потреба од разновидна индустриска пракса и практична настава во рамките на поголем број наставни предмети за подобро поврзување со пазарот на труд.

Комисија за самоевалуација на Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид за академските 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години

д-р Александар Карадимче, претседател

с.р.

д-р Јованка Дамоска Секулоска, член

с.р.

д-р Дијана Цапеска Богатиноска, член

с.р.

д-р Горан Шибаковски, член

с.р.

д-р Елена Хаџиева, член

с.р.

м-р Лина Милошевска, член

с.р.

Милена Симоноска, студент, член

с.р.

Стефан Бошески, студент, член

с.р.

Анастасија Димоска, студент, член

с.р.

АНЕКС со анкетен прашалник и табели

SELF-EVALUATION

This evaluation is in accordance with the Law on higher education and is conducted to have your opinion regarding different aspects of the teaching process, teaching staff, administration, study programmes and facilities and facilities at the University of Information Science and Technology. Your participation is highly appreciated, and it we help us improve our overall performance. The questionnaire is COMPLETELY ANONYMOUS, and it will take 15-20 minutes to complete.

A. PERSONAL DATA: I study at the Faculty of (circle one of the options)

1. CNS 2. CSE 3.ISVMA 4.AITMIR 5.ICS

in the academic year (select one option): 1 2 3 4

B. QUESTIONS RELATED TO THE STUDY PROGRAM AND CONDITIONS

No	**B1. Assessment of the quality of the study program**	Strongly Disagree	Disagree	Undecided	Agree	Strongly Agree
1	The study program is up to date and relevant	1	2	3	4	5
2	The study program helps you gain proper knowledge and skills in accordance with your professional profile	1	2	3	4	5
3	The study program provides you with applicable and practical knowledge	1	2	3	4	5
4	There is a logical order and continuity of courses in the study program	1	2	3	4	5
5	There is repetitive and overlapping material in some courses	1	2	3	4	5
6	There is a need for additional content to complete the professional profile.	1	2	3	4	5
No	**B2. Organization & realization of the study program**					
1	The teaching process is appropriately organized	1	2	3	4	5
2	The lectures are quite good	1	2	3	4	5
3	The tutorials are quite good	1	2	3	4	5
4	Exams sessions and midterm exams are properly organized and scheduled	1	2	3	4	5
5	The practical part is properly represented	1	2	3	4	5
6	The study program fulfills my expectations	1	2	3	4	5
No	**B3. Assessment of the study conditions**					
1	The students are adequately informed	1	2	3	4	5
2	The Student Affairs Office meets the needs of students	1	2	3	4	5
3	University premises and equipment meet the needs for modern studying	1	2	3	4	5

2	The students are respected, and their rights are protected	1	2	3	4	5
5	The students are adequately informed for their opportunities with Erasmus programs for mobility	1	2	3	4	5
6	The Faculty Student Assembly fulfills the expectations	1	2	3	4	5
7	The University Student Assembly fulfills the expectations	1	2	3	4	5

C. QUESTIONS RELATED TO TEACHING

Please select the course that you have enrolled in Winter semester od 2022/23 (circle one of the options):

< This is only for one of the courses, each section is only for one course in a semester >

Next questions are related to the course that you select

State your attendance at lectures:

1. 0-20% 2. 21-40% 3. 41-60% 4. 61-80% 5. 81-100%

State your attendance at tutorials:

1. 0-20% 2. 21-40% 3. 41-60% 4. 61-80% 5. 81-100%

Please indicate your level of agreement with the following aspects of the <u>textbook/resources</u> (circle one of the options for each statement):

	Strongly Disagree	Disagree	Undecided	Agree	Strongly Agree
The required textbooks adequately cover the subject	1	2	3	4	5
The textbooks are clear and well-written	1	2	3	4	5
The textbooks are effectively used	1	2	3	4	5
I would recommend the current textbooks to be used	1	2	3	4	5

Please indicate your level of agreement with the following aspects of the <u>benefits derived from the course</u> (circle one of the options for each statement):

	Strongly Disagree	Disagree	Undecided	Agree	Strongly Agree
The course increased my interest in the subject	1	2	3	4	5
Completing the course, I feel knowledgeable in the subject	1	2	3	4	5
The course contributed to the completeness of my education	1	2	3	4	5
Overall, the course met my expectations	1	2	3	4	5

Please indicate your level of agreement for each statement respectively to your PROFESSOR and TEACHING ASSISTANT that TEACH THAT COURSE.

circle one of the options for each statement

1= Strongly Disagree 2=Disagree 3=Undecided 4=Agree 5=Strongly Agree

	Professor					Teaching Assistant				
Is well competent to provide clear instructions	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Is admitted to the lecturing and encourages the students	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Has up to date knowledge and skills	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Provides the students with clear and well-written materials	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Provides appropriate basic and additional literature	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Is open to student input and is willing to work with them	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Uses other activity forms (Self-study, Homework assignments)	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
The additional activities serve to broaden and increase knowledge	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Completes the lessons that were anticipated	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Responds to student communication in a timely manner	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Has a suitable personal culture and attitude	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
Evaluates students' work in a fair, unbiased way	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5
The exam (midterm) questions are within the subject syllabus and the prescribed basic literature	1	2	3	4	5	1	2	3	4	5

Please add any comments regarding HOW THIS PROFESSOR can improve the course or teaching style.

_____

_____

_____

Please add any comments regarding HOW THIS TEACHING ASSISTANT can improve the course or teaching style.

_____

_____

_____

Табела 17. Просторни капацитети предвиден за реализација на студиските програми на УИНТ

Р.Б.	**Вид и намена на простор**	**Број**	**Број на места**	**Површина** m^2
1.	Амфитеатар	1	120	205 m^2
2.	Конференциска соба	1	36	42 m^2
3.	Студентски прашања	1	4	18 m^2
4.	Канцеларија за раководен кадар	2	4	15 m^2
5.	Канцеларија за раководен кадар	1	2	9 m^2
6.	Канцеларија за технички секретар	1	3	15 m^2
7	Канцеларии за наставен кадар	4	4	6,5m2
8	Канцеларии за наставен кадар	1	4	10 m^2
9.	Хол Централен	1	16	65 m^2
10.	Санитарен чвор	4		10 m^2
11.	Предавални бр.1	1	50	60 m^2
12.	Библиотека	1	10	55m^2
13.	Дворна површина -тревна површина -асфалтна површина	 1 1		 560 m^2 80 m^2
14.	Лабораторија (кинески центар) бр.2	1	24	53,15 m^2
15.	Предавални бр.5 GIZ	1	24	54,30 m^2
16.	Предавални бр.3	1	24	54,30 m^2
17.	Предавални бр.4	1	24	56,20 m^2
18.	Предавална (студенстки дом, под закуп)	1	20	30 m^2
19.	Канцеларии за наставен кадар (студентски дом)	2	4	12 m^2
20.	Пацио	1		
21.	Санитарен чвор	1		30 m^2
22.	Бифе пренаменето во архивска соба и предавална бр.6	1		50 (30+20) m^2
23.	Бифе тераса	1		51,2 m2
24.	Канцеларии за наставен кадар	4	2	15 m^2
25.	Просторија за технички персонал	1	4	10 m^2
26.	Простор за остава (магацински)	1		3 m^2
27.	Серверска соба	1		3,5 m^2
28.	Подрумски простор	1		40 m^2
29.	Канцеларии за администравтивен и раководен кадар (Скопје)	1	3	37 m2
Вкупно				1650,15 m2

Табела 18. Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност на УИНТ

Ред. Бр.	Опрема и наставни средства	Вид	Намена	Број
1.	Apple MacBook Air	Лаптоп	настава и истражување	2
2.	LG TV 60”	Телевизор	настава	2
3.	LG TV 42”	Телевизор	настава	8
4.	Nokia Lumia 920	Мобилен тел.	истражување	1
5.	Apple iPhone 5	Мобилен тел	истражување	1
6.	Apple iPhone 5S	Мобилен тел	истражување	2
7.	Nokia Lumia 1020	Мобилен тел	истражување	1
8.	TV Samsung 46”	Телевизор	настава	1
9.	Apple iPhone 7	Мобилен тел	истражување	1
10.	Samsung Galaxy S7	Мобилен тел	истражување	1
11.	D-Link Wireless Router	Рутер	настава и истражување	6
12.	Promethean Activeboard /w projector	Интерактивна табла со проектор	настава	2
13.	Projector Panasonic	Проектор со висока луменажа	настава	1
14.	HP LaserJet	Принтер	настава	1
15.	Fujitsu Siemens E8420	Лаптоп	настава и истражување	59
16.	HP ProBook	Лаптоп	настава и истражување	4
17.	Brother MFC9840	Принтер	настава	7
18.	Server Fujitsu Siemens	Суперкомпјутер сервер	настава и истражување	1
19.	Brother MFC9970	Принтер	настава	5
20.	Camcorder Samsung FHD	Камера со висока резолуција	настава и истражување	1
21	Philips BluRay reader	Блурај читач	настава и истражување	1
22	Acer	Лаптоп	настава и истражување	1
23	Projector BenQ	Проектор	настава	1
24	External HDD WD 1.5TB	Надворешен диск 1.5ТБ	настава	1
25	Aspire One D250	Лаптоп	настава	10
26	MSI All in One Touch PC	Компјутер со монитор осетлив на допир	настава и истражување	5
27	Linksys Wireless Router	Рутер	настава и истражување	25
28	UPS Hantol 3000VA	УПС	настава и истражување	3
29	Projector Optima EP783	Проектор со висока луменажа	настава	1

30	Linksys Switch 48-port	Мрежен свич	настава и истражување	2
31	Desktop PC (dual-core)	Десктоп компјутер	настава и истражување	5
32	Samsung Monitor 19”	Монитор	настава и истражување	5
33	Wireless Microphone	Микрофон	настава	2
34	Desktop PC for supercomputer	Десктоп компјутер	настава и истражување	56
35	ASUS monitor for supercomputer	Монитор	настава и истражување	1
36	Projector Epson EBX10	Проектор	настава	5
37	Canon EOS1000	Диг. Апарат	настава и истражување	2
38	Zyxel Streamer DMS2501	Дигитален стреамер	настава и истражување	12
39	Wireless Projector Server	Сервер за безжична проекција	настава	2
40	Cisco Router SRP547	Рутер	настава и истражување	6
41	Sony Camcorder	Дигитална камера	настава и истражување	10
42	AKG microphones	Микрофони	настава	5
43	Desktop PC (gamer)	Десктоп компјутер	настава и истражување	3
44	Philips monitor 21.5”	Монитор	настава и истражување	9
45	Netgear desktop storage 2TB	Десктоп мемориски склад на податоци	настава и истражување	1
46	Xbox 360	Конзола за игри	истражување	1
47	Xbox 360 kinect sensor	Сензор за движење	истражување	1
48	ASUS X52J	Лаптоп	настава и истражување	138
49	Edimax IP camera	ИП камера	настава и истражување	5
50	HP LaserJet P1102	Принтер	настава	2
51	Samsung printer ML2525W	Принтер	настава	2
52	Cisco Switch 24-port	Мрежен свич	настава и истражување	1
53	Hp LaserJet 1522	Принтер	настава	1
54	External HDD 1TB	Надворешен диск	настава	1
55	Network Storage DNS320	Мрежен диск	настава	1
56	Apple Ipad3	Таблет	настава и истражување	2
57	Nikon D600 /w 50mm obj	Диг. Апарат	настава и истражување	1
58	SuperMicro server	Сервер за ЕКТС	настава	1
59	UPS Easton 3000VA	УПС	настава и истражување	5
60	Tripod for photography	Трипод сталка	настава	1
61	Desktop PC (video edit)	Десктоп компјутер	настава и истражување	1
62	SD cards	Мемориски картици	настава	5
63	ASUS VivoTab	Таблет	настава и истражување	2
64	Apple iPad4	Таблет	настава и истражување	1
65	ASUS Nexus 7	Таблет	настава и истражување	3
66	Samsung Printer M2875	Принтер	настава	3

67	Philips LCD 18.5”	Монитор	настава	15
68	KVM Console 19” LCD	Монитор со тастатура и глувче	настава	1
69	Raspberry Pi	Мини компјутер	настава и истражување	5
70	Amazon Kindle 6”	Таблет	настава и истражување	5
71	Projetor Epson EB-G6450	Проектор со висока луменажа	настава	1
72	Linksys WiFi Range Extender	Безжичен појачувач на мрежа	настава и истражување	10
73	Linksys Access Point	Аксес поинт за мрежа	настава и истражување	10
74	AVtech DVR	ДВР за видео надзор	Наменско средство за сигурност и контрола	1
75	Desktop PC (i5)	Десктоп компјутер	настава и истражување	15
76	Arduino Mega	Мини компјутер	настава и истражување	1
77	Arduino WiFi Shield	Коло за безжична мрежа за мини компјутер	настава и истражување	1
78	ASUS X550LB	Лаптоп	настава и истражување	25
79	Xilex S6 SP601 Spartan6	Инт. Коло сет	настава и истражување	3
80	Projector Screen Wall-mounter	Платно за проекција	настава	7
81	Desktop PC (i7)	Десктоп компјутер	настава и истражување	2
82	Apple iPad mini	Таблет	настава и истражување	1
83	HP Pro 200 printer	Принтер	настава	4
84	Sony Cybershot DSCWX200	Диг. Апарат	настава и истражување	1
85	Philips monitor 23.6” LED	Монитор	настава	2
86	Netduino Plus2	Инт. плочка	настава и истражување	5
87	Xilex B6 G Virtex	Инт. Коло сет	настава и истражување	1
88	Samsung printer ML6510	Принтер	настава	3
89	Linksys Router EA6500	Рутер	настава и истражување	10
90	Arduino Uno	Мини компјутер	настава и истражување	5
91	Apple MacBook Pro	Лаптоп	настава и истражување	2
92	ACER Iconia One 8	Таблет	настава и истражување	3
93	Wacom tablet	Таблет за цртање	настава	2
94	Canon CS9000F Scanner	Скенер	настава	1
95	Lexmar CX417de printer	Принтер	настава	2
96	Xerox printer	Принтер	настава	2
97	Data mining rig	Компјутер за обработка на високо математат. задачи	настава и истражување	1

98	Desktop PC (chinese donation)	Десктоп компјутер	настава и истражување	30
99	Apple MacBook Pro	Лаптоп	настава и истражување	2
100	Lenovo Legion i7	Лаптоп	настава и истражување	10
101	Lenovo Ideapad 330	Лаптоп	настава и истражување	30
102	TP-Link AX1800	Рутер	настава и истражување	5
103	Табли	Наставни средства	настава	15

Табела 19. Листа на институции со кои УИНТ има соработа (2021-2025)

I. Универзитети и високообразовни установи
2021
• Паневропски универзитет Апеирон (Pan-European University Apeiron), Бања Лука, БиХ
• Универзитет Ел-Куед (University of El Qued), Алжир
2022
• Технички универзитет на Варна, Бугарија
• Шангајски универзитет за медицина и здравствени науки
• Универзитет Квазулу-Натал, Јужноафриканска Република
• Универзитет Махариши Маркандешвар – Мулана – Амбла, Индија
• Универзитет Сао Каетано до Сул (USCS), Бразил
• Универзитет ВИТ Бопал, Индија
2022–2023
• Универзитет ФАН С. НОЛИ, Албанија
• Универзитет Мајка Тереза, Скопје
2023–2024
• Универзитет Бурдур Мехмед Акиф Ерсој (Burdur Mehmet Akif Ersoy University), Турција
• Универзитет Ajeenkya DY Patil University, Индија
• Универзитет Georgian American University, LLC
• Универзитет Altınbaş University, Истанбул
• Универзитет за библиотечни студии и информациски технологии, Софија, Бугарија
• Универзитет Gansu Agricultural University, НР Кина
2024–2025
• Ланџоу Џиаотонг Универзитет, НР Кина
• Ланџоу Џиаотонг Универзитет, НР Кина (Меморандум за соработка)
• Ланџоу Џиаотонг Универзитет, НР Кина (Договор за Центар за технологија, образование и културна размена)
II. Други институции
2021

- Writerity Inc
- Bintern, Битола
- Акаунтинсајт Источна Европа
- Guli Youth, Крушево

2022

- ГрабИТ ДООЕЛ, Прилеп
- Great IT Nordic AB (Great IT), Малме, Шведска
- iSource, Битола

2022–2023

- Prime Point, Скопје
- WeWatt Company
- Средно училиште Ѓорѓи Наумов, Битола
- IT Labs
- Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
- Библиотека „Григор Прличев“, Охрид
- ЦЕФЕ Македонија (CEFE Macedonia)
- ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“
- Џуниор Ачивмент Македонија (Junior Achievement Macedonia)
- Здружение за развој на културно-уметнички вредности „Тактус“
- ОСУ „Св. Климент Охридски“
- ЈЗУ Специјализирана болница „Свети Стефан“
- SEFIDANIS, Охрид
- Општина Охрид
- Порака Нова
- Државниот архив на Република Северна Македонија

2024–2025

- Амбасада на НР Кина во Р. Северна Македонија (договор за стипендии со УИНТ)
- Договор за донација за стипендии – Амбасада на НР Кина и УИНТ „Св. Апостол Павле“ Охрид